# 2018 - НАЈУСПЕШНА ГОДИНА ЗА ОСИГУРИТЕЛНАТА ИНДУСТРИЈА ВО ПОСЛЕДНАТА ДЕКАДА, ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА НОВИ И ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ НАЈВАЖНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

2018 година претставува најуспешна година за осигурителната индустрија во нашата земја во последната декада. Осигурителниот сектор забележа раст во однос на сите сегменти на неговото функционирање: бруто полисираната премија (БПП), број на продадени договори за осигурување, поголема исплата на штети, пораст на капиталот, пораст на активата и на финансиските вложувања како дел од активата, како и поголема профитабилност на друштвата за осигурување,

Заклучно со 31.12.2018 година на пазарот на осигурување во Република Македонија активно работат 16 друштва за осигурување. Во делот на неживотно осигурување бројот на пазарните субјекти е 11, додека во делот осигурување на живот бројот на субјекти е 5. Во доменот на посредувањето, осигурително брокерски работат вршат 35 осигурително брокерски друштва, што е намалување во споредба со 2017 година поради престанокот на работа на едно друштво (2017: 36), а работи на застапување во осигурување вршат 11 друштва за застапување (2017: 11). Во доменот на банките кои имаат дозвола за вршење на работи на застапување во осигурување функционираат 5 банки, што претставува зголемен број за 2 банки на пазарот во однос на претходната година. Исто така, на пазарот на осигурување делуваат и 556 лиценцирани брокери (2017: 505 лиценцирани брокери) и 1.250 лиценцирани застапници во осигурување (2017: бројот на лиценцирани застапници изнесуваше 1.153).

Во 16-те друштва за осигурување вработени се 1.949 лица што преставува пораст на вработените лица од 0,46% во однос на 2017 година.

Во 2018 година е остварена БПП во вкупен износ од 9,93 милијарди денари, што претставува пораст на приходите од 10,40% во однос на остварените од 2017 година (2017: 8,99 милијарди денари). Ова укажува дека зголемената понуда на осигурителни продукти, како и сѐ поизразеното препознавање на предностите коишто го нуди осигурувањето како механизам за компензирање финансиски загуби од потенцијалните ризични настани, влијае врз порастот на БПП.

Во текот на 2018 година друштвата за осигурување склучиле 1.476.374 договори при што се забележува пораст од 6,55% во однос на 2017 кога беа склучени 1.385.676 договори. Од вкупниот број на склучени договори, 1.454.110 полиси се во рамките на неживотно осигурување, што претставува пораст за 6,26% во однос на бројот на полисите во 2017 година, додека 22.264 се полиси за осигурување на живот, односно зголемување од 29,57% во споредба со 2017 година (2017: 17.183 полиси).

Во делот за неживотно осигурување остварена е БПП во износ од 8,55 милијарди денари (2017: 7,55 милијарди денари) што претставува пораст на приходите од 9,43% во споредба со 2017 година.

Во структурата на БПП, најзначајна категорија е задолжителното осигурување од автоодговорност (АО) со учество од 43,45%. БПП за оваа класа на осигурување изнесува 4,31 милијарди денари (2017: 4,07 милијарди денари) и во споредба со 2017 година бележи пораст од 6,04%.

Втора поголема категорија во структурата на БПП претставува осигурувањето на имот со 17,31% учество. Кај оваа класа на осигурување се забележува пораст од 19,68% со БПП 1,72 милијарди денари (2017: 1,44 милијарди денари), при истовремен пораст и на бројот на склучени договори од 14,19%.

Во делот на осигурувањето на имот од катастрофални ризици се забележува мало раздвижување. Во сегментот на осигурување од поплава вкупниот број на продадени договори за осигурување е 12.248, што претставува зголемување од 11,59% во однос на 2017 година кога беа склучени 10.976 договори, но имаме намалување на БПП од 10,07%.

Бројот на продадени договори за осигурување на имот од ризик земјотрес бележи помал раст односно во 2016 продадени се 5.966 договори, а во 2017 бројот на продадени договори за осигурување на имот од ризик земјотрес изнесувал 5.937. Треба да се потенцира дека 79,33% од продадените договори за осигурување на имот од ризик земјотрес се однесуваат на физички лица.

Кај земјоделското осигурување, како посебен сегмент од класата на осигурувањето на имот, се забележува пораст од 65,98% на остварената БПП која изнесува 261,02 милиони денари (2017: БПП од 157,26 милиони денари). Притоа, кај индивидуалните земјоделци во сегментот на осигурување на посеви и плодови има пораст на БПП од 59,05%, додека кај правните земјоделски стопанства се забележува пораст на БПП од 46,30%. Истовремено, пораст се забележува и кај бројот на склучени договори од 55,73%. Најголем пораст се забележува кај осигурување на добитокот така што во 2018 година беа склучени 193 договори наспроти 83 договори во 2017 година.

Трето по големина неживотно осигурување претставува доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) кое учествува со 8,03% во вкупната БПП. Во овој сегмент, во 2018 година се забележува зголемување од 5,42% со БПП 797,32 милиони денари (2017: 756,34 милиони денари).

Осигурувањето од незгода бележи пораст од 1,68% со БПП 680,26 милиони денари (2017: 669,04 милиони денари), а учеството на оваа класа на осигурување во вкупната БПП изнесува 6,85%.

Во минатата година, се забележува голем подем и во продажбата на здравственото осигурување. Здравственото осигурување е релативно нов осигурителен производ, со скромни почетоци во 2013 година, а со кој друштвата за осигурување сѐ поинтензивно се занимаваат. Во 2018 година беа склучени 4.144 договори за здравствено осигурување со вкупна БПП од 125,71 милиони денари, во споредба со 2017 година кога биле склучени 1.752 договори со вкупна БПП од 58,10 милиони денари.

Кај осигурувањето на живот се забележува пораст на приходите од 15,48% во однос на претходната година со остварена БПП од 1,67 милијарди денари (2017: 1,44 милијарди денари со што продолжува трендот на двоцифрена стапка на пораст на приходите. Најголемо учество во осигурувањето на живот зазема традиционалното осигурување на живот (мешаното осигурување) со учество од 59,11%, потоа следува ризико осигурување со 15,57%, осигурувањето на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот со 9,98%, осигурување на живот во случај на доживување со 8,52% и дополнителното осигурување на живот со 6,60%.

Во 2018 година поголем замав забележува осигурувањето на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, меѓународно познато како unit linked осигурување. Ова осигурување за прв пат се појави на домашниот пазар во 2015 година кога беа склучени 325 договори со вкупна БПП од 7,71 милиони денари, а веќе во 2018 година се забележува огромен пораст со склучени 2.527 договори со вкупна БПП од 166,59 милиони денари.

Друштвата за осигурување во 2018 година исплатиле бруто - износ на штети од 3,92 милијарди денари. Во споредба со 2017 година бруто исплатените штети бележат пораст од 9,53% (2017: 3,58 милијарди денари). Учеството на реосигурувањето во бруто исплатените штети изнесува 13,19%.

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество зазема директната продажба со 48,74%, потоа следи продажбата преку осигурително брокерски друштва со 27,66%, продажбата преку агенти- физички лица со 10,61%, продажба преку друштва за застапување во осигурување со 8,65%, банките со 3,74% и 0,60% преку останати дистрибутивни канали.

На крајот на 2018 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 6,84 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,57 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,24 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 324 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,34 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-31.12.2018 година осигурителниот сектор оствари добивка по оданочување во износ од 394,94 милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, 9 друштва остварија добивка во износ од 417,74 милиони денари, а додека пак 2 друштва остварија загуба во износ од 106,53 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, друштвата остварија добивка во износ од 83,73 милиони денари, и тоа 4 друштва остварија добивка од 92,96 милиони денари, а 1 друштво прикажа загуба во износ од 9,22 милиони денари.

Вкупните вложувања на друштвата за осигурување, кои произлегуваат од вложувања што ги покриваат техничките резерви, математичката резерва и капиталот, на крајот на 2017 година изнесуваат 16,80 милијарди денари, односно бележат пораст од 9,12% (2017: 15,39 милијарди денари).

Во делот на заштита на интересите на осигурениците во периодот од 1.1.2018 до 31.12.2018 година, до АСО беа поднесени 104 претставки што претставува пораст од 5,05% во споредба со 2017 година. Најголем дел или 39,42% од претставките се однесуваат во делот на автоодговорност.